АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 31-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3773 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јули 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, емитуван на 3 јули 2019 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од емисиите емитувани на програмскиот сервис на 3 јули 2019 година, не беа објавени податоците со кои: - се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; - за носителот на авторските права; - за одговорниот уредник / уредниците на програмите; - за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела; - името на медиумот од каде е преземена одредена содржина, итн.. Тие податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја поединечна содржина од програмскиот сервис.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во изданијата на ТВ Дневникот, не се објавени податоците за импресумот - име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматеп, монтажер и сл)

3.07.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **ТВ Дневник** – актуелно-информативна програма; | 01:31:30<br>18:21:11<br>22:00:53 | 01:56:37<br>18:47:49<br>22:27:30 | Не се идентификувани ни новинарите ни реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози; |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во документарната програма *„За Охрид (втор дел)“* и - во забавното говорно-шоу *„Моја свадба“*, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

3.07.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **За Охрид (втор дел)** – Документарна програма; | 15:21:30 | 15:44:48 | Ниту на најавна ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот: авторско-реализаторската екипа; - уредништвото и (*датумот на*) продукцијата; |
| **Моја свадба** – Забавна програма, говорно – шоу; | 20:32:00 | 21:32:03 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, на 3 јули 2019 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост,

делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***